**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25), по барање на **АД МЕПСО - Скопје**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на 65 дрвја (62 борови и 3 брези) и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација во Парк шумата ,,Водно,, кои се наоѓаат на маргините во коридорите на двата 110kV далекуводи, ТС Скопје 3 – ТС Света Петка од столбно место број 189 до столбно место број 193 и ТС Скопје 3 – ТС Скопје 4 од столбно место број 38 до столбно место 42, кој минува низ дел од Парк шумата Водно, поради навлегување на вегетацијата во критичното растојание и загрозување на безбедноста на луѓето и околината, а со цел да се обезбедат минимални растојанија од 10 метри од лева и десна страна на осовината од вегетацијата до најблиските водови (согласно записникот бр. к14-6/911/1 од 25.02.2026 година.)

2.Сечењето на дрвјата и расчистувањето на самоникнатата нискостеблеста вегетација, ќе го организира барателот, а под строг надзор од ЈП Паркови и зеленило и истото ќе се реализира исклучително и само во насока на обезбедување на трасата на двата 110kV далекуводи, ТС Скопје 3 – ТС Света Петка од столбно место број 189 до столбно место број 193 и ТС Скопје 3 – ТЦ Скопје 4 од столбно место број 38 до столбно место 42 . Сечењето мора да се изврши стручно, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети, најдоцна во рок од 120 дена, од правосилноста на решението. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

3.Трошоците за извршување на работите од точка 1 од ова Решение, се на товар на барателот.

4.Се задолжува барателот **АД МЕПСО - Скопје** по реализација на ова Решение да изврши отстранување на исечената дрвна маса и воведување на шумски ред. Се задолжува барателот да изврши надополнување на шумскиот фонд во рамките на парк-шумата Водно во координација со Градот Скопје – Секторот за комунални работи и ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 30 дена по истекот на рокот од точка 2.

5.Доколку барателот не го испочитува рокот од точка 2 на ова Решение, на истото му престанува важењето.

6.Се задолжува ЈП Паркови и зеленило во рок од 7 дена, од реализација на ова решение, да достави детален извештај до Град Скопје-Секторот за комунални работи.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**АД МЕПСО - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. к14-6/911 од 09.02.2026 година, за сечење на 65 дрвја (62 борови и 3 брези) и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација во Парк шумата Водно кои се наоѓаат на маргините во коридорите на двата 110kV далекуводи, ТС Скопје 3 – ТС Света Петка од столбно место број 189 до столбно место број 193 и ТС Скопје 3 – ТЦ Скопје 4 од столбно место број 38 до столбно место 42, односно во безбедносниот коридор, заради загрозување на безбедноста. Во член 26 од Одлуката за комунален ред (Службен гласник на Град Скопје бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25), стои дека корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда може да се врши, ако постои пречка за подземните и надземните инсталации, како и кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети,

Во случајот е утврдено дека зеленилото наведено во точка 1 од диспозитивот на ова решение пречи на двата 110kV далекуводи, ТС Скопје 3 – ТС Света Петка и ТС Скопје 3 – ТС Скопје 4 што е утврдено и во записникот.

Поради се горенаведеното согласно член 29 од Законот за урбано зеленило зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) односно член 26 Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25) е одлучено како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број к**14-6/911/2**
**25.02.2026** година
**С к о п ј е**

Изработил
Марија Стојановска
_______________________

Раководител на Одделение
Емил Дуровиќ
_______________________

Раководител на Сектор
Зоран Лапевски
_______________________

Градоначалник на Град Скопје

Орце Ѓорѓиевски
_______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP